**Здружение за умножување на слободни содржини**
**СПОДЕЛЕНО ЗНАЕЊЕ Скопје,**
**Адреса: бул. ЈНА 24/2-8 Скопје**
**Телефон: 078 282 698**
**Жиро с-ка: 250001002838879**
**Банка: Шпаркасе банка Македонија А.Д. Скопје**
**ЕДБ: 4080014543374**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 22-2075/1
15. 06. 2015 год.
СКОПЈЕ

Со цел создавање, прибирање и умножување на слободни содржини во дигитална, печатена и други форми, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Здружение за умножување на слободни содржини Споделено знаење Скопје и Државниот архив на Република Македонија (во понатамошниот текст „Архивот“), го потпишуваат следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

### и воспоставување на *„Матичен википедијанец“* (Wikipedian in Residence)

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на создавање, прибирање и умножување на слободни содржини во дигитална, печатена и други форми, на следните начини:

- Споделување на пристап до книжниот фонд и литературата во Архивот, со Матичниот википедијанец, член на „*Споделено знаење*“, кој кој ќе биде ангажиран од страна на здружението како „***Матичен википедијанец***“ (**Wikipedian in Residence**) и ќе има за цел да отсликува (скенира) материјали во Архивот на Архивот кои се од општествен интерес и значење, и кои се од слободно достапен карактер, односно не подлежат на авторскоправни ограничувања и би се ставиле на располагање на јавноста за општо добро, ставајќи ги на ***Ризницата на Викимедија*** (***Wikimedia Commons***). Оваа иницијатива ја покреваме по урнек на постоечките аранжмани од тој вид во установите (библиотеки, архиви, институти) во светот. Такви примери се: *Британскиот музеј* и *Британската Библиотека* од Лондон, *Националниот архив на САД, Кралскиот музеј на Данска* и *Кралската библиотека на Данска* во Копенхаген, *Националната Библиотека на Израел* во Тел Авив, *Музејот Пикасо* во Барселона, *Универзитетската Библиотека* во Белград и 87 други установи низ светот.

  Секое пресликување (скенирање) на истите ќе се изврши во самиот Архив.

- Споделување на пристап до литературата во Архивот од било каков (не само слободен карактер,) со Матичниот википедијанец, член на „*Споделено знаење*“, кој ќе биде ангажиран од страна на здружението, за целите на проектите на